КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1105/3-1
14.11 2022 год.
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО

за работа на Комисиите за преглед на комплетноста на документите за издавање на овластувањата во професионалните одделенија

согласно Законот за градење и Статутот на Комората

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
14 Ноември 2022

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

Врз основа на член 112 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20, 279/20, 277/22), и член 15 став 1 т.22 од Статутот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија, и одлуката број 02-1105/3 од 14.11.2022, Управниот одбор на седницата одржана на 14.11.2022 година, изготви ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ на

# УПАТСТВО

за работа на комисиите кои вршат преглед
на документацијата при издавање овластувања

## Член 1

Со ова Упатство се утврдува составот, начинот и постапката за избор на членови на комисиите кои вршат преглед на документацијата при издавање овластувања и предлагаат упис во Именикот на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: комисија/комисии), како и начинот на работа и одлучување на комисијата.

## Член 2

Одделенијата основани во Комората, може да формираат комисии за преглед на комплетноста на документите за издавање на овластувања.

## Член 3

Одборите на одделенијата, односно одделенијата доколку не постои одделенски одбор, на состанок, со мнозинство гласови од присутните номинираат предлог членови на комисија.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и два члена како и од заменик на претседателот и два заменици на членовите.

## Член 4

Управниот одбор на Комората на предлог на одделението врши именување на членовите на Комисијата.

## Член 5

Мандатот на членовите на комисиите од член 3 на ова упатство трае две години.

## Член 6

Комисијата работи на седници и одлучува со мнозинство на гласови од членовите.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот/заменик претседателот на Комисијата.

## Член 7

Комисијата работи во состав од вкупно тројца членови или нивни заменици.

За работата на комисијата се води записник на пропишан образец (ОБ-3).

Записникот го потпишуваат сите присутни членови на состанокот.

## Член 8

Претседателот на Комисијата одлучува кои од членовите или нивните заменици ќе ги повика на седница. Во принцип учеството на членовите на комисиски состанок треба да е рамномерно и циклично.

**Член 9**

Комисијата најпрвин констатира дали се доставени сите потребни документи, утврдени како прилози кон барањето за добивање на овластување А или Б (во натамошниот текст: барањето).

Ако комисијата констатира дека не се доставени потребните прилози барањето го враќа до стручната служба на Комората со напомена да побара од подносителот на барањето, во одреден рок, да ги комплетира прилозите.

**Член 10**

Во случај кога барањето е комплетно, Комисијата пристапува кон разгледување и оценување на приложените документи. Комисијата поединечно ги оценува секоја од ставките дадена во Прилог 1 и Прилог 2.

**Член 11**

Комисијата во текот на својата работа своите забелешки и оценки ги запишува во обрасците што се составен дел на ова упатство.

**Член 12**

Комисијата е должна да го разгледа барањето и да одговори на него, односно да даде предлог за издавање на овластување или да издаде предлог-решение за одбивање во рок дефиниран во законската регулатива, а доколку истиот не е дефиниран, истиот изнесува 30 дена од денот на заведувањето на барањето во архивата на Комората.

**Член 13**

Упатството заедно со обрасците што се составен дел на истото се задолжителни во работата на комисиите.

**Член 14**

Упатството влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Комората.

Претседател на Управниот одбор,

М-р Кристинка Радевски, диа

**Прилог 1 – Елементи (Документи) што се оценуваат**

Комплетната документација за апликацијата, барателот може да ја достави лично до КОАИ, да ја прати по пошта или скенирано по електронска пошта. Во случај на недоволна јасност од поднесените документи, комисијата може да побара дополнителни информации/доказници за било кои од критериумите кои треба да се задоволат со цел одобрување на овластување.

## 1. Доказ за завршено вишо или високо образование од соодветната техничка струка

Под доказ за завршено вишо или високо образование од соодветната техничка струка се подразбира диплома и уверение за положени испити во копија заверени кај нотар или копии од истите со приложени оригинали на увид.

Под соодветно образование се подразбира: соодветен факултет, насока, студиска програма и степен на образование. Комисијата има право да побара додатокот на дипломата од високообразовната институција каде што дипломирал инженерот/архитектот, како потврда за стручноста на барателот. Се прифаќа и нострифицирана странска диплома, која може да подлежи на посебна проверка од комисијата.

## 2. Работно искуство (стаж во струката)

За работно искуство се смета стажот што го има кандидатот во струката по дипломирањето. При одобрување на овластувањата работниот стаж пред дипломирање не се зема во предвид.

Работното искуство и стаж се докажуваат со документ издадени од ПИОМ (М4 - Преглед на регистар на податоци во матична евиденција), или од Агенцијата за вработување. Во исклучителни случаи, комисијата може да прифати и договор за работно ангажирање како основа за докажување на работното искуство.

Под работно искуство се подразбира стаж со **полно работно време**, согласно член 101 став 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување (Сл. Весник на РМ, бр. 53 од 11.04.2013 година) односно стаж со неполно работно време во траење што одговара на вкупниот број на часови на таквата работа, пресметана за полно работно време, согласно член 101 став 3 од гореспоменатиот закон.

Стажот се пресметува од денот на стекнување на потребното образование за вршење на соодветниот тип на дејност. Значи, за изведба А/Б, стаж се смета по завршени 180 ЕКТС, со соодветна излезна диплома. За Проектирање, Надзор и Ревизија А/Б, стажот се смета од стекнати 240ЕКТС, доколку апликантот има излезна диплома со 240ЕКТС.

## 3. Референци за извршени работи за видот на овластувањето за кое се конкурира

За секое овластување за кое се конкурира барателот треба да достави листа со најмалку три референци како соработник потврдени од правниот субјект од каде се добиени референците (на пример референци за проектирање, референци од надзор и сл.). Се евалуираатаат сите прилози на апликантот, според класификацијата на категориите на објектите од Законот за градење. За некои од споменатите референци, кандидатот може да биде повикан да приложи копии од истите, или да ги достави оригиналите на увид.

При аплицирање за овластување за проектирање, ревизија и надзор, доколку приложените референци се од правен субјект каде што не е вработен апликантот, туку ангажиран по договор за дело, потребно е да се приложи и решение за именување на соработник, а согласно Правилникот за содржина на проектите и означување на проектот.

Секоја приложена референца во референтната листа треба да е печатирана од главниот инженер на кого апликантот бил соработник. Во случај на реална неможност да се обезбеди овој печат (починато лице или слично), комисијата може да побара дополнителни информации, со цел комплетно утврдување на веродостојноста на референците.

Референции од странство се признаваат, а бидејки се работи за специфична материја, форматот на странските референци е во зависнот од каде доаѓа апликантот. Искуствено, комисијата може да побара копии од проектни

документации, писмо/потврда од работодавачот, решенија за именување и сл.

Фалсификувана референца, односно приложување на рефреренца од проект кој не е изработен од барателот, е основа за поведување на дисциплинска постапка.

**4. Државјанство на РМ**

Како доказ за државјанство се прифаќаат копии од државјанство, пасош или лична карта.

| Прилог 2 | | | проектирање | | | | ревизија | | | | надзор | | | | изведба | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | А | | Б | | А | | Б | | А | | Б | | А | | Б | |
| | | | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број | Стаж години | Референци број |
| Високо образование по Европски кредит трансфер систем | Прв циклус студии | 180 кредити | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 3 |
| | | 240 кредити | - | - | 2 | 3 | - | - | 2 (5)* | 3 | - | - | 3 | 3 | - | - | 2 | 3 |
| | Втор циклус | 300 кредити | 5 | 3 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 (5)* | 3 | 5 | 3 | 3 | 3 | 5 | 3 | 2 | 3 |
| | Трет циклус | >360 кредити | 5 | 3 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 (5)* | 3 | 5 | 3 | 3 | 3 | 5 | 3 | 2 | 3 |
| Високо образование по стара програма | више | VI-1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 5 | 3 |
| | високо | VII-1 | 5 | 3 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 (5)* | 3 | 5 | 3 | 3 | 3 | 5 | 3 | 2 | 3 |
| | магистер | VII-2 | 5 | 3 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 (5)* | 3 | 5 | 3 | 3 | 3 | 5 | 3 | 2 | 3 |
| | докторат | VIII | 5 | 3 | 2 | 3 | 5 | 3 | 2 (5)* | 3 | 5 | 3 | 3 | 3 | 5 | 3 | 2 | 3 |

* 5 години работно искуство – за водење постапка за издавање на одобрение за градење по член.24, став 2 и 3 од Законот за градење.

Република Северна Македонија
**Комора на овластени архитекти**
**и овластени инженери**

# ФОРМУЛАРИ

за работа на Комисијата

на професионалните одделенија при одобрување на овластувања

(според Законот за градење)

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

### 1. Формулар за барање за овластување

| Тука<br>Архивски број од<br>Администрацијата на Комората | **Реден број**<br>Пополнува Комисијата<br>За проширување или продолжување барателот<br>тука го внесува бројот на претходно<br>одобрените овластувања | Образец | ОБ-Б |
|---|---|---|---|

Врз основа Законот за градење и Правилникот за постапката за начинот за издавање и одземање на овластувања за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, инженер за изведба и надзорен инженер како и формата и содржината и начинот на водење на и начинот на водење на Регистарот за издадени и одземени овластувања, го поднесувам следново:

# БАРАЊЕ

**За комисија за преглед на комплетност на документите** ОБЛАСТ

| Име и презиме на барателот | | | |
|---|---|---|---|
| ЕМБГ (матичен број) | | Образование | вкупно ЕКТС |
| Име на Универзитетот и име на Факултетот | | VI-1, VII-1 | 180/240/300 |
| Добиено звање (од дипломата) | | | |
| адреса на барателот | | | |
| e-mail за контакт | | | |
| Фирма во која е вработен | | | |

Врз основа на поднесените документи и прилози кон овој поднесок барам да ми се одобрат следните овластувања:
(барателот да заокружи што бара)

| проектирање | | надзор | | ревизија | | изведба | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Б | А | Б | А | Б | А | Б |

За некои од споменатите референци, кандидатот може да биде повикан да приложи копии од истите, или да достави оригинал на увид

| ред. бр. | Документ |
|---|---|
| 1. | уплатница за апликација |
| 2. | државјанство/ копија од пасош |
| 3. | диплома за дипломиран инженер |
| 4.. | разни уверенија (стари) други дипломи |
| 5. | референтна листа (општа) |
| 6а. | референци од проектирање |
| 6б | референци од надзори |
| 6в | референци од ревизии |
| 6г | референци од изведби |
| 7. | Биографија (CV) |
| 8. | работно искуство во областа за која бара овластување, листа од Пензионо за вкупен стаж |
| 9. | Вкупно работно искуство |

**Подносител** (Потпис)

| |
|---|
| |

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

| (пополнува комисијата) | реден број<br>Пополнува комисијата |
|---|---|
| Име и презиме | |

| Ако исполнил услов | ОДОБРЕНО / НЕ Е ОДОБРЕНО |
|---|---|

ПРОЕКТИРАЊЕ (извршени работи)

| референци за градба од I категорија (А) | референци за градба од II категорија (Б) |
|---|---|
| | |

| Ако исполнил услов | А (min. = 3) | Б (min.= 3) |
|---|---|---|

НАДЗОР (извршените работи)

| референци за градба од I категорија (А) | референци за градба од II категорија (Б) |
|---|---|
| | |

| Ако исполнил услов НАДЗОР | А (min. = 3) | Б (min.= 3) |
|---|---|---|

РЕВИЗИЈА (извршените работи)

| референци за градба од I категорија (А) | референци за градба од II категорија (Б) |
|---|---|
| | |

| Ако исполнил услов РЕВИЗИЈА | А (min. = 3) | Б (min.= 3) |
|---|---|---|

ИЗВЕДБА (извршените работи)

| референци за градба од I категорија (А) | референци за градба од II категорија (Б) |
|---|---|
| | |

| Ако исполнил услов ИЗВЕДБА | А (min. = 3) | Б (min.= 3) |
|---|---|---|

Датум и час на работа на комисијата:

Претседател на комисијата

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

Образец ОБ-3

# ЗАПИСНИК

од разгледување на поднесокот (пополнува комисијата)

**Име и презиме** (со печатни букви):

Поразгледувањетонаприложенитедокументи Комисијатаоценидека:

основазаодлучување: има **нема**

**Забелешка** (појаснување):

| | |
|---|---|
| Решение за ОДОБРУВАЊЕ | |
| Решение за ОДБИВАЊЕ | |
| Решение за ПРИВРЕМЕН ПРЕКИН | |

**ПРЕДЛОГ до Комората: На барателот да му се одобрат следните овластувања:**

одобрено - заокружи **(О)** / неодобрено - поништи **(Х)**

| проектирање | | надзор | | ревизија | | изведба | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Б | А | Б | А | Б | А | Б |

**Присутни и согласни со заклучокот (потписи)**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | 3. | | Пополнува комисијата |
| 2 | | 4 | | |
| 5 | | 6 | | |

**Контролна листа за поднесените документи за разгледување**

| р.бр. | назив | Има + | Нема − | што е преземено | рок за доставување | Доставено на ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | уплатница за апликација | | | | | |
| 2. | државјанство/ копија од пасош | | | | | |
| 3. | диплома за дипломиран инженер | | | | | |
| 4.. | разни уверенија (стари) други дипломи | | | | | |
| 5 | референтна листа (општа) | | | | | |
| 6а | референци од проектирање | А | Б | | | |
| 6б | референци од надзори | А | Б | | | |
| 6в | референци од ревизии | А | Б | | | |
| 6г | референци од изведби | А | Б | | | |
| 7. | Биографија (CV) | | | | | |
| 8. | работно искуство во областа за која бара овластување, листа од Пензионо за вкупен стаж | | | | | |
| 9. | Вкупно работно искуство | | | | | |
| 10. | Што бара конкретно? (види од барањето) (ако не се изјаснил - комисијата ќе определи според референците) | | | | | |

| проектирање (заокружи) | | надзор (заокружи) | | ревизија (заокружи) | | изведба (заокружи) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Б | А | Б | А | Б | А | Б |

Контролната листа ја пополнил:

| дата/час | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| | | |

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

4. Формулар за неодобрување

Образец ОБ-ПРК

Број ____, Датум ____

Врз основа на член __ и член 124 од Законот за градење, Комисијата за преглед на комплетноста на документите по барања за овластувања, го донесува следното

## Предлог-РЕШЕНИЕ

за неодобрување на овластувања

На лицето: ______________________________ не му се одобрува издавање наследните овластувања

| |
|---|
| А-проектирање, А-ревизија, А-надзор, А-изведба на проекти Б-проектирање, Б-ревизија, Б-надзор, Б-изведба на проекти. |

поради тоа што не ги исполнува условите за: (заокружи) поради неисполнување на условите утврдени со Законот за градење

| | | | |
|---|---|---|---|
| образование, | работно искуство, | потребни референци, | државјанство |

Образложение

Комисијата за одобрување овластувања од областа на ________

го разгледа барањето и констатира дека кандидатот:

______________________________________________________________

нема следново:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

поради што Комисијата му предлага на претседателот на УО на Комората, да донесе решение за одбивање на запишување во Իменикот на овластени архитекти и овластени инженери.

Претседател на Комисија

(Име и презиме)

______________________________

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Број ____, Датум ____

Врз основа на член 124 став 4 од Законот за градење (Сл.Весник .........) го донесувам следното

# РЕШЕНИЕ

за одбивање запишување во именик

Се одбива запишување во Именикот на овластени архитекти и овластени инженери на лицето ________________________, поради неисполнување на условите утврдени со Законот за градење.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето ______________________________, поднесе барање за добивање овластување за ________________________. Комисијата за преглед на комплетност на документите за издавање на овластувања го разгледа барањето и донесе предлог-решение за одбивање поради неисполнување на условите за ________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

Од погоре изнесеното произлегува дека на подносителот не му е одобрено бараното овластување со што не се исполнети условите од член 124 од Законот за градење, во врска со запишувањето во Именикот на овластени архитекти и овластени инженери, и затоа донесувам решение како во диспозитивот.

1. Против решението, именуваниот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот, до Комисијата на Комората за решавање на жалби во втор степен.

Претседател на Управниот одбор на Комората

М-р Кристинка Радевски, дипл.инж.арх.

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

Заверека во арх.книга на правниот субјектот
со архивски број и дата

Име, презиме и матичен број на апликантот: ______________________________

Име на правниот субјект кој ја потврдува референтната листа, со архивски печат: ______________________________

| **Референтна листа** од област (заокружи) | Категорија на објект (согласно член 57 од Законот за градење) | |
|---|---|---|
| 1. Проектирање | I | II |
| 2. Ревизија | I | II |
| 3. Надзор | I | II |
| 4. Изведба | I | II |

| Р.бр. | Точен назив на градбата, бројот на проектот или решението за назначување | Инвеститор и година | Потпис и печат на одговорниот инженер (главен проектант, ревидент, надзор, изведувач) каде инженерот/архитектот бил соработник |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |

Потпис на подносителот

______________________

Потпис и печат на правниот субјект

______________________